# Апстракт од конечни извештаи од внатрешна ревизија за 2021 година

**Реализација на Годишен план за внатрешна ревизија***

**Вид на извршени ревизии:**

- ✓ Системски ревизии
- ✓ Финансиски ревизии

**Предмет на ревизиите:**

- ✓ Процес на исплата на средства на здруженија на граѓани и спортски клубови од општина Кавадарци за 2020 година
- ✓ Процес на изготвување на финансиски извештаи во Локален Музеј – Галерија во општина Кавадарци за 2020 година
- ✓ Процес на пресметка и исплата на плата на вработените во ООУ„Тошо Велков "Пепето"

**Цели на ревизиите:**

- ✓ Да се добие уверување дека средствата кои се исплатени од Буџетот на општината се користат во согласност со утврдените намени
- ✓ Да се добие уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања и истите ја даваат реалната слика за состојбата на институцијата и дека работењето е во согласност со законската регулатива
- ✓ Да се добие уверување дека пресметката и исплатата на плата на вработените во училиптето е во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби :**

- ✓ Неусогласеност помеѓу Правилникот за начинот, постапката и критериумите за финансирање на програми, проекти, натпревари и манифестации од областа на спортот од интерес на општина Кавадарци со Програмата од областа на спортот
- ✓ Не се објавени на веб страната на општината организациите кои добиле средства од Буџетот и целите за кои организациите ги добиле средствата
- ✓ Некои од апликантите ја немаат доставено целата документација која е наведена во Јавниот повик
- ✓ Доставена тековна состојба постара од шест месеци, каде што е наведено дека апликантот е со деловен статус – неактивен
- ✓ Одобрени се средства на апликант кој што не е регистриран на територијата на општина Кавадарци, но оваа состојба е корегирана и средствата се исплаќаат само на апликанти од територјата на општина Кавадарци
- ✓ Кај одредени апликанти нема доставено веродостојна сметководствена документација, а кај некои апликанти пак не постои наменско користење на средствата
- ✓ Непостоење на интерни процедури во Музеј – Галерија
- ✓ Направена е измена на Статут која не е доставена до Советот на општината
- ✓ Нецелосно и неправилно извршен попис
- ✓ Лицето одговорно за сметководсtво, во сметководствената евиденција има доставено фоткопии од фактури, одредени фактури пак не се доставени во евиденцијата, некомплетни податоци за обврските спрема добавувачи
- ✓ Не постои законско, наменско, економично, ефикасно и ефективно котистење на финансиските средства во делот на склучување на договори на дело
- ✓ Пропусти во делот на исплата на парични средства на членовите на Управниот одбор
- ✓ Пропусти во делот на јавните набавки
- ✓ Пропусти во пресметката и исплатата на плата кај неколку вработени во ООУ „Тошо Велков – Пепето"
- ✓ Неизготвени Решенија за изведување на задолжителна настава, во кое исто така е наведено дали наставникот е и класен раководител
- ✓ Лицето одговорно за човечки ресурси нема оформено досие за секој вработен
- ✓ Грешки во пресметката и исплатата на минат труд кај вработените

**Препораки за намалување на ризиците и зголемување на ефективноста на внатрешната контрола :**

- ✓ По дадена препорака од страна на внатрешната ревизија, донесена е Одлука на Совет за измена и дополнување на Правилникот
- ✓ Општинската администрација на веб страната да ги објави здруженијата на граѓани и спортски клубови кои добиле средства од Буџетот на општината како и целите за кои организациите ги добиле средствата
- ✓ Комисијата за спорт детално да ги разгледува пристигнатите апликации и доколку некој од апликантите не ја доставил потребната документација, истите да не бидат предмет на понатамошно разгледување
- ✓ Во јавниот повик да се наведе дека тековната состојба нема да биде постара од шест месеци
- ✓ Комисијата за спорт да ги почитува одредбите од Правилникот, со што би се одобриле средства само на апликанти на територијата на општина Кавадарци
- ✓ Комисијата за спорт детално да ги анализира доставените Извештаи за потрошените средства
- ✓ Здруженијата на граѓани и спортски клубови, кога имаат набавка во готово, истата не треба да биде поголема од 6.000,00 денари, а по препорака на внатрешната ревизија истото е регулирано со измената на Правилникот.
- ✓ Директорот на Музеј –Галерија да пристапи кон изготвување на интерни процедури за клучните процеси во работењето на музејот, а по препорака на внатрешниот ревизор, истите се изготвени
- ✓ Спроведување на пописот во согласност со законската регулатива
- ✓ Лицето одговорно за сметководство да ја почитува законската регулатива
- ✓ Директорот да пристапи кон преземање на активности со кои ќе се преиспита законската регулатива за исплата на парични средства по основ на договор на дело и да преземе мерки за отклонување на гешките
- ✓ Пресметката и исплата на паричен надоместок за членовите нба Управен одбор да биде во согласност со висината на надоместокот која што е утврдена
- ✓ Почитување на законската регулатива во делот на јавните набавки
- ✓ За секоја промена во пресметката и исплата на плата треба да постои писмен доказ одобрен од Директорот на училиштето
- ✓ Да се изготват Решенија за задолжителна настава за секој вработен, во кое ќе биде наведено и класното раководство и истото ќе се користи и при пресметката на плата
- ✓ Да се почитува законската регулатива при пресметка и исплата на надоместок за менторство, како и при пресметката на минат труд.

* Целосна реализација | Делумна реализација | Ниска реализација